# И З В Е С Т У В А Њ Е

## за полагање на практичен дел на стручен испит за ракувачи на одделни видови енергетски уреди и постројки за септемвриска сесија

Согласно Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14 и 33/15), стручен испит за ракувачи на одделни видови енергетски уреди и постројки може да полага лице кои ги исполнува следните услови:

- да има соодветно образование во областа за видот на ракувач што сака да го полага, согласно член 157-а од наведениот Закон за енергетика и
- да има соодветно работно искуство на соодветни енергетски уреди и постројки под надзор по завршувањето на наведеното образование, согласно член 157-а од Законот за енергетика.

Електронската база на прашања за потребите од електронско полагање на првиот (теоретскиот) дел и вториот дел од испитот за ракувачи на одделни видови енергетски уреди и постројки е објавена на e-prasanja.mk

Полагањето на вториот (практичниот) дел од испитот е закажано за **28 октомври 2015 (ЕВН Македонија), 29 октомври 2015 (РЕК Осломеј, Енергетика АД ЕЛЕМ, и Нова Рефрактори – во просториите на Подружница “ЕНЕРГЕТИКА“ АД ЕЛЕМ во Скопје) и 30 октомври 2015 (ТЕТО АД Скопје),** со почеток во **8:00 часот до 16:00 часот**.

Дополнителни информации може да се добијат на 02/ 3093 517 и 3093 541 или на следната е-маил адреса: ismail.luma@economy.gov.mk